КРИВИ НА РАСТ

ВОВЕД

Прашања за започнување на клиничка вештина за криви на раст

1. Дали и како го следите нормалниот раст и развој во вашите амбуланти?
2. Колку имаме систематски пристап во следењето на овие параметри?
3. Дали и кај децата до година дена ги користиме кривите за раст и развој?
4. Дали и колку често забележувате проблеми во растот и развојот кај вашите пациенти? (со помош на овие криви)
5.
6.
7.
8. Колку често вршите проценка на растот и развојот кај вашите пациенти?
9. Дали има проблеми во користењето на овие криви и ако имате зошто се тие проблеми?
10. Како би можеле да ги решиме овие проблеми?
11. Дали сметатате дека во здравствените легитимации треба да има индивидуална крива на раст?
12. Кои знаци би ве предупредиле да се посомневаме дека нешто не е во ред?

Растењето е една од најважните какартеристики на детството. Но растењето не е само квантитативен процес на зголемување на зголемување на одредени димензии на телотото, туку тоа е сложен процес што опфака и квантитативни промени на структурата на одредени ткива и органи, психички промени на дедето и негово прилагодување на културните и социјални услови на околината во која живее . Кога зборуваме за раст , најчесто мислиме на зголемување на одредени димезии(висина , тежина, обем на глава).Кога зборуваме за развој тогаш најчесто се мисли на квалитативни промени(диференцирање и созревање на поедини ткива и органи)

Фактори кои влијаат на растот :

1.генетски фактори 2. Полот 3.расата 4.исхраната (хронична потхранетос т која трае со години го намалува генетскиот потенцијал на раст)5. Болестите (хромозомопатхии- Turnerr sy, ендокрини пореметувања-недостаток на соматотропен хормон,полови хормони, хипотиреоза, хронични болести поврзани со

телесна неактивност, хиперсекреција на кортикостероиди, прехрана , се фактори кои можат да допринесат за запирање на растот) 6.општествевено-економската положба на семејството 7.секуларен раст (зголемување на телесната тежина - висина на децата од век во век, благодарение на подобрените услови за живот)

Криви на раст

Нормалниот раст и развој започнува од моментот на концепцијата и трае до адолесцентниот период на детето (18г). Веднаш по раѓањето на детето, едно од првите нешта што секој сака да ги знае е колку тој или таа тежи?. Од тој момент има постојан интерес за тежината и должината на детето.Во првата година на живот децата брзо растат , на 5 месеци ја одвојуваат родилната тежина , на 12 месеци трипати ја зголемуваат тежината. Во висина добиваат околу 25 цм. Во втората година растот се успорува, добиваат 12 цм и околу 2,5 кг.Предшколските деца добиваат 6-8 цм , годишно , а школските 4-6 цм и 2 кг. годишно.Обемот на главата расте паралелно со растот на телесната маса, најбрзо во првите 3 години на животот а потоа споро(на рагање 34-35 цм , 6 месеци 44 цм ,на год. 47 цм).Кај деца со тешко оштетување на мозок, кој заостанува во раст, обемот на главата е мал за дедената возраст обратно,тамо каде што постои диспропорција во однос стварање и ресорпција на ликвор како последица на тоа зголемување на интракраниалниот притисок имаме зголемување на обемот на главата за дадена возраст.

Физичкиот раст на децата наједноставно го отценуваме со мерење на телесната должина (висина) и телесntата тежина, обем наг лава , обем на граден кош. Во секодневтата пракса , за проценка на физичкиот раст , до една година, на прво место ни служи телесната тежина , а после првата година , за долгорочен надзор служи телесната должина.При ова телесната тежина и висина на одредено дете се споредуваат со одредени параметри добиени од групи на зрави деца, кои се дадени во облик на таблици или криви.

Кривите на раст во висина и тежина, конструирани се така што на апсцисата е нанесена е хронолошката старост(возраста), а на ординатата висината или тежината за таа возраст.Обично на такви графикони , покрај кривата која покажува просечна тежина односно висина за таа возраст, дадени се и кривни кои означуваат нормална биолошка варијација за висина и тежина. Најмногу употребуван индикатор за следење на висината и тежината кај децата се перцентилите. Позицијата на перцентилната крива на една индивидуа покажува во кој процент од дадената популација се наоѓа(е изедначена) или отстапува (отскокнува).Кај деца чија висина или тежина одстапуваат под 3 или над 97 **перцентили**, треба да се бара причина на низок или висок раст, ниска или висока телесна тежина. За подобро следење на физичката конституција и ухранетоста ,воведена е крива на која се следи соодносот на висината со тежинатана . Постои и крива на која на апсистата е

нанесена возраста (хронолошката старост), а на ординатата BMI. Овие криви даваат добар увид во ухранетоста на детето.

Криви на раст постојат 2 типа: клинички и индивидуални

Клиничките криви можат на бидат за машки деца и девојчиња , а во зависност од возраста се делат на:

1.Новородени до 36 месеци (тт/возраст; тв/возраст; обем на глава и возраст)
2.Криви за предшколкски деца 2 - 5 год.(тт/ возраст тв/возраст)
3.Криви за деца и адолесцент 5- 20 год (тт/возраст;тв/возраст; БМИ/возраст)

Покрај физичкиот раст, во зависност од возраста , кај децата се прави и проценка на здрелоста на организмот.Тоа се прави со проценка на созревањето на коските (со правења на Ртг на лева шака(двете), се споредува со стандардни серии на слики во посебни атласи)

КОРИСТЕЊЕ И ИНТЕРПЕРЕТЦИЈА НА КРИВИТЕ НА РАСТ

1. **Се селектира кои параметри кај детето ке бидат мерени** средства за мерење(во зависност од возраста, дали е новородено , прешколско , школско дете или адолесцент)

2. **Се селектира крива на раст која ке ја користиме (**во зависност од полот , возраст, потребите)

3. **Собирање податоци, битни за растот на детето** (висина - тежина на родители, РТ, РД, обем на глава, доење, исхрана,прележани болести од интерес ...се внесуват податоци за добиените мерења)

4. **Се пресметува БМИ** (со калкулатор или рачно)

5. **Запишување на резултати во криви на раст**

6. **Одредување на перцентилите и интерпетација на резултатите**

ИНТЕРПРЕТЦИЈА НА КРИВИТЕ НА РАСТ

Антропометриски индекс	Перцентили	Нутритивен статус
БМИ/возраст	**>95**	**Гојазност**
Теж/висина	**>95**	**Гојазност**
БМИ/возраст	**>85 но <95**	**ризик од гојазност**
Теж/висина	**<5**	**потхранетост**
Висина/возраст	**<5**	**низок раст**
Обем на глава/возраст	**<5 и >95**	**развојни проблеми**

Кривите на раст (делење)

Зошто ги мериме децата?

-Родителите сакаат да знаат дали нивните деца растат нормално; -- Податоците од мерењето се од интерес за здравствениот систем. Но главното оправдување е за да се откријат скриени (окултни) заболувања.

Мерење на тежината

Бебињата треба да се мерат редовно без облека за да може точна крива на растење да се нанесе.

Возраст	**Не повеќе од еднаш на секои?**	**Не помалку од еднаш секој?**
1 - 3 месеци	2 недели	Месец
3 -12 месеци	Месец	3 месеци
1 - 2 години	3 месеци	6 месеци
Над 2 години	6 месеци	На 2 ½ години и при поаѓање на училиште

Но некои деца не растат односно не добиваат во тежина како што би требало. Ова состојба се означува како "Ненапредување на детето" (НД). Може да изгледа збунувачки да здраво дете во домашна средина исполнета со љубов биде потхрането.

Децата кај кои растот е екстремно абнормален лесно се препознаваат. ***Целта на следењето на растот е да се откријат деца со помалку очигледни, но пореметувања во растот кои што можат да се лекуваат.***

Литература:

1. Growth monitoring: testing the new guidelines :J Mulligan, L D Voss, E S McCaughey, B J R Bailey, P R Betts
2. Child growth ● Child growth Foundation ●
3. Wright, C. Avery, A. Epstein. Barks and Croft. (1996a) A new chart to evaluate weight faltering.Archives of Disease in Childhood 76. 40-43
4. Wright, C. Callum, J Birks, E and Jarnis, S (1998) Effects of community based management in failure to thrive: randomized control trial. BMJVol.317.p571-574
5. Marcovitch, H. Bmj_com 308 (6920) 35.htm
6. http:// www.wellclosesquare.co.uk/training/pgrowth2.htm
7. http://www.aafp.org/nsi/manual/chap07.pdf
8. http://www.merck.com/pubs/mmanual/section19/chapter262/262a.htm